Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 67, 1 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област теорија на новинарство и системи на информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на помлади асистенти за научната област технологија на конфекција на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за скриптата „Физичка хемија“ од авторот доц. д-р Димко Димески, Технолошко-технички факултет ... 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА НОВИНАРСТВО И СИСТЕМИ НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на седницата одржана на 7 септември 2011 година, донесе Одлука бр. 1602-122/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***теорија на новинарство и системи на информирање*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во следниов состав:

– доцент д-р Јадранка Денкова (претседател),
– вонреден проф. д-р Јован Ананиев (член),
– доцент д-р Љупчо Сотироски (член).

По разгледувањето на приложените материјали, пријавата и доставените материјали, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата го изготви следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 18.8.2011 година, за избор на наставник во **областа теорија на новинарство и системи на информирање** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип се пријавија двајца кандидати: д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, доктор на комуниколошки науки и д-р Маја Мишковска, доктор на политички науки, вработена во Центарот за управување со кризи.

Врз основа на чл. 142 од Законот за високото образование и чл. 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев”- Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пријавата и доставените трудови и го констатира следново:

Д-р Маја Мишковска нема доставено комплетна документација во согласност со објавениот Конкурс. Во поднесената документација недостасува Изјава - Образец 1 до Комисијата за верификација на факти и копија од Изјавата со потврда за прием од Комисијата. Заради ова, Рецензентската комисија не прави вреднување на останатите документи.

Д-р Сузана Џамтоска-Здравковска уредно и навремено ги достави следниве документи: 1. Список на објавени научни и стручни трудови; 2. Наставно-образовна и научноистражувачка активност; 3. Пријава; 4. Универзитетска диплома за доктор на политички науки (три примероци - копии заверени на нотар и оригинал); 5. Кратка биографија (CV); 6. Потврда (диплома) за познавање странски јазик; 7. Уверение за државјанство; 8. Изјава - Образец 1 до Комисијата за верификација на факти и копија од Изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Д-р Сузана Џамтоска-Здравковска ги исполнува условите според објавениот Конкурс во целост.

Пријавата на кандидатот, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Сузана Џамтоска-Здравковска** е родена на 26 февруари 1966 година во Скопје, каде го завршува своето основно и средно образование. Дипломира на групата Македонски јазик и литература на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, во 1992 година.

Во 1998 година положува државен испит за лектор.

Во академската 2005/2006 година се запишува на постдипломските студии од областа Комуникологија на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и пропишаните испити ги завршува во предвидениот рок, постигнувајќи просечна оценка 10,00.

На 10 март 2008 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Фактори на влијание врз интерната комуникација во орган на државна управа: Министерство за образование и наука на Република Македонија*".

На 30 јуни 2010 година ја одбранува својата докторската дисертација на тема „*Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент - со посебен осврт на Република Македонија*" на Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Најголем дел од своето работно искуство го има поминато како новинар и советник за односи со јавноста, области во кои постојано се усовршува.

Од 1993 до 1999 година работи во неделниот политички магазин „Пулс" (од 1993 до 1998 хонорарно; од ноември 1998 до мај 1999 редовно), првично како лектор и преведувач од српскохрватски јазик, а потоа и како новинар во културно-образовната рубрика.

Во учебната 1993/1994 година се вработува како професор по македонски јазик во Основното училиште „Васил Главинов" во Скопје.

Во периодот 1996-1998 работи и како новинар, лектор и уредник во неделниот таблоид „М-експрес".

Од мај 1999 до мај 2000 година работи како новинар во културно-образовна рубрика во дневниот весник "Експрес".

Од јануари до мај 2000 година хонорарно работи и објавува текстови од областа на театарот во културна рубрика во дневниот весник „Дневник".

Во периодот мај 2000 – јануари 2005 година работи како новинар и репортер во внатрешно-политичка рубрика во дневниот весник „Вечер".

Во истиот период хонорарно пишува и објавува текстови во неделниците „Капитал" и „Македонско дело".

Во јануари 2005 година се вработува во Министерството за образование и наука на Република Македонија, како портпарол и советник за односи со јавноста, позиција која ѝ овозможува да направи значаен увид во поврзаноста и меѓузависноста на двете професии - новинарство и односи со јавноста.

Во 2008 година, во рамки на Министерството за образование и наука, преминува во Секторот за Европска унија каде што ѝ биле доверени следниве работни задачи:

- раководител на Работната група за Поглавјето „Образование и култура" од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА);
- лице за контакт за Програмата на Европската заедница „Европа за граѓаните";
- службено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер (2007, 2008, 2009).
- советник за програмите на Европската заедница;
- координатор на кампањата на Секретаријатот за европски прашања и Министерството за образование и наука „Учиме за ЕУ";
- член на Меѓуресорска група за изработка на Националната стратегија на Република Македонија за остварување на целите на Алијансата на цивилизации под покровителство на Обединети нации („Сл. весник на РМ" бр. 49/ 2009).

Во септември 2010 година се вработува на Факултетот за односи со јавноста при Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје, каде што е избрана во наставно-научно звање доцент за група предмети од областа на односи со јавноста.

Во текот на своето 18-годишно работно искуство ги врши следниве активности:

- класен раководител;
- одржување предавања и часови по македонски јазик, организирање и водење на новинарски и театарски активности и секции;
- лекторирање;
- преводи од српски и хрватски;
- следење настани од областа на културата и образованието - издаваштво и театар - пишување извештаи, рецензии, интервјуа;
- следење и известување за политичките настани во Република Македонија;

– следење и информирање за настаните поврзани со Министерството за внатрешни работи;
– следење и информирање за настаните поврзани со Министерството за одбрана;
– следење и информирање за настаните поврзани:
– со кризата во Република Македонија во 2001 г.,
– активностите на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија (Борис Трајковски),
– Владата на РМ,
– Собранието на РМ;
– следење и известување од прес-конференции;
– интервјуирање на истакнати домашни и странски личности од општествено-политичкиот живот, од областа на образованието и културата (Димитар Станковски, Благоја Чоревски, Коле Ангеловски, Никола Кљусев, Гале Галев, Али Ахмети, Едвард Џозеф, Азис Положани, Мирјана Малевска, Кристофер Делисо итн.);
– пишување коментари и анализи на настаните поврзани со политичките партии во РМ;
– следење на образованието (реформите во образованието и политичките прашања поврзани со образованието);
– правење репортажи;
– давање изјави за медиумите;
– планирање на медиумски настани и настапи и изготвување на месечни медија планови;
– организирање прес-конференции и брифинзи;
– изготвување соопштенија, извештаи и други потребни материјали за медиумите;
– пишување говори;
– следење на пишаните и електронските медиуми и изготвување прес-клипинг (хемеротека);
– комуникација со Комисијата за координација на порталот uslugi.gov.mk во Генералниот секретаријат;
– следење на исполнувањето на активностите предвидени со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во областа на образованието,
– подготвување месечни и годишни извештаи;
– ажурирање на електронската Матрица за НПАА и реферирање пред Секретаријатот за европски прашања за Поглавјето „Образование и култура";
– подготвување информации за седница на Владата на РМ;
– присуство на седници на Работен комитет за европска интеграција и Поткомитет на Работен комитет за европска интеграција за НПАА;
– контактирање со EACEA (The Education, Audiovisual and Culture Executive Agency) со седиште во Брисел и со потенцијалните кандидати од РМ за аплицирање и користење грантови од Програмата на Европската заедница „Европа за граѓаните"**;**
– организирање презентации и промовирање на можностите за аплицирање и користење грантови од Програмата на Европската заедница „Европа за граѓаните";
– координирање на спроведувањето на кампањата „Учиме за ЕУ" низ образовните институции во РМ;
– подготовки и одржување на предавања по предметите Новинарско и академско пишување и Комуникациски менаџмент;
– подготвување на прашања за колоквиуми и завршен испит;
– водење евиденција за студентите (присутност, активност);
– прегледување и оценување на семинарски на студентите;
– прегледување и оценување на есеи;
– подготвување и пишување книги-учебници за студентите;
– следење на најновите случувања и достигнувања во теоријата и праксата од областа на новинарството, односите со јавноста, медиумите, комуникациите, јавниот менаџмент;
– пишување научни трудови и публикации;
– консултации со студентите (додипломци и постдипломци) и нивно вклучување во активности поврзани со практична примена на она што го изучуваат.

***Наставно-образовна дејност***

Во септември 2010 година, со Одлука на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, од 12 октомври 2010 година, донесена во согласност со Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во „Универзитетски билтен" бр. 3 од 27 септември 2010 година, кандидатката е избрана во наставно-научно звање доцент за група предмети од областа на односи со јавноста.

Како доцент ги одржува предавањата по предметите Новинарско и академско пишување и Комуникациски менаџмент. Предавања одржува и на додипломски и постдипломски студии.

Освен предавањата, нејзиниот ангажман се состоел и од одржување вежби за студентите; подготвување и одржување колоквиуми и завршен испит; водење евиденција за присутноста и активноста на студентите; прегледување и оценување на семинарски и есеи; подготвување и пишување книги-учебници за студентите; следење на најновите достигнувања во теоријата и праксата од областа на новинарството, односите со јавноста, медиумите, комуникациите, јавниот менаџмент; пишување научни трудови и публикации; одржување контакти и комуницирање со студентите (додипломци и постдипломци), како и редовни консултации.

Кандидатката била член на Наставно-научен совет на Универзитетски сенат при УТМС, на факултетски орган, комисија: Организационен одбор, промотивна кампања.

Активно учествува во приближување на професијата до студентите, преку изведување на настава на која како гости-предавачи присуствувале истакнати новинари и актуелни портпароли.

Организирала предавање на тема „Портпаролството и односите со јавноста".

Била член на три комисии за одбрана на магистерски труд.

Доделено ѝ е менторство над двајца магистранти по односи со јавноста.

***Научни и стручни трудови и универзитетски учебници***

Од наведените податоци се констатира дека д-р Сузана Џамтоска-Здравковска е активна во областа на комуникациите - новинарството и и односите со јавноста. Објавува голем број рецензии и критики за театарски и книжевни дела, интервјуа со познати општествено-политички, јавни, културни и научни работници, стручни и научни трудови, како и универзитетски учебник од областа на комуникациите.

***Од објавените трудови ги издвојуваме:***

**Џамтоска-Здравковска С., 2007,** Nurturing Democracy Through Education, "ECHO: Crossroad: Mass media & Development", No. 48, Indian Institute of Mass Communication, New Delhi

Се фокусира на значењето на развојот на високото образование во насока на достигнување на вредностите на едно современо демократско општество. Притоа, како случај се разгледува образованието во Република Македонија, со осврт на образовните проекти чија цел е кревање на степенот на квалитет на сите нивоа на образование. Достигнувањето на критериумите на Болоња, на европскиот високообразовен простор, на европскиот научен простор се предизвиците пред кои се исправени голем дел од земјите во Европа. Само со промовирање на образованието како двигател на општеството може да се достигне стремежот на Болоњската декларација, создавање „Европа на знаење" како предуслов за соочување со предизвиците на новиот милениум. *Трудот е со стручен карактер*.

**Џамтоска-Здравковска С., 2008,** Сапунските опери - свет во кој (не) се живее, „ВИЗИОНЕ" бр. 11, Скопје, стр. 298 - 306

Се обработува влијанието на телевизијата врз секојдневниот живот на гледачите. Акцентот е ставен на теленовелите, популарно наречени „сапунски опери", кои ги преплавуваат ТВ екраните, при што се поставува прашањето: Зошто и што е тоа што ги привлекува луѓето да станат дел од гледачите за коишто сапунските опери се неизоставен дел од нивниот живот? Создавајќи имагинарна слика за животот, за најголем дел од публиката тие претставуваат привремено бегство од реалноста и надополнување на скриените фантазии и

замисли. Направеното интервју со македонски брачни парови како испитаници, покажува дека теленовелите се сметаат за серии наменети за понежниот пол; дека имаат продолжено влијание, односно „задоволството од сериите" се пренесува и надвор од домот - на работното место; дека публиката, зависно од нивото на образование, би можела да се подели на свесна и несвесна - дел од испитаничките се потполно свесни за недостатоците, за површноста и индиго-повторливоста на овие серии, но сепак свесно ги гледаат „заради релаксирање", другите пак безрезервно им се предаваат на мелодрамите, потполно соживувајќи се со ликовите од ТВ екранот. *Трудот е со стручен и научен карактер.*

**Џамтоска-Здравковска С., 2009,** Интерната комуникација како услов за успешно работење, Просветен работник бр. 954, Скопје

Во трудот се разработува потребата од добро воспоставени правила за одвивање на интерната комуникација во рамките на една организација. Навремената, редовна и точна размена на информации сè повеќе добива приоритетна улога за успешно функционирање на една организација, било да станува збор за приватна (мало или поголемо претпријатие/организација) или за јавна или државна институција. Успешното функционирање на интерната комуникација придонесува за ефективно пренесување на информациите и слободен проток на податоци што е клучен фактор за успешно работење. Во таа насока се потенцираат трите основни информациски системи: оперативниот информациски систем, усогласувачкиот информациски систем и развојниот информациски систем. Единството во функционирањето на овие системи се поставува како услов за ефикасна комуникација во рамките на една организација. *Трудот е со стручно-апликативен и научен карактер.*

**Џамтоска-Здравковска С. 2010,** Комуникациски менаџмент во јавната администрација, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, универзитетски учебник

Книгата е наменета за студентите на додипломски и постдипломски студии од областа на комуникологија, односи со јавноста, јавна администрација и сродните студиски програми на универзитетите во Република Македонија, како и за поширокатa стручна и научна јавност во државата од оваа област. Се состои од осум глави во кои етапно се обработува значењето на комуникацијата во процесот на управувањето. Терминот комуникациски менаџмент во себе го сублимира управувањето со комуникацијата во рамките на една организација, регулирањето на комуникацијата, начинот на комуникација, формата на комуникација, со цел воспоставување на ефикасни канали на комуникација во организацијата и надвор од неа - кон корисниците на услугите. Доколку комуникацискиот менаџмент е поставен согласно со потребите на вработените на една организација, тоа води кон јасно, разбирливо и усогласено извршување на работните задачи. Доколку каналите на комуникација не се соодветни на потребите за размена на информации речиси сигурно е дека ќе има коригирање на активностите, забавување, неефикасно и неефективно работење, што се одразува и врз севкупните односи со јавноста. Токму од тие причини комуникацискиот менаџмент добива сè поголемо внимание во светски рамки, претендирајќи да се одвои како посебна област за изучување. Во книгата се даваат низа примери од практиката во Република Македонија и се потенцира дека практикувањето на успешен комуникациски менаџмент се наметнува како значаен предуслов за ефективно и ефикасно спроведување на низа реформи во јавната управа, чија цел е исполнување на критериумите за добро владеење како предизвик на современите демократски општества. *Книгата има особен научен придонес.*

**Џамтоска-Здравковска С., 2011,** Перцепцијата за организацијата ја создаваат вработените, On line: Mnogoo media

Фокусот е на значењето на внатрешната јавност во рамките на една организација. Практикувањето на успешни односи со јавноста не подразбира нивно развивање само кон надвор, туку и внатрешно, од причина што многу е значајно вработените да добиваат доволен број информации, бидејќи тие сакаат и заслужуваат да бидат информирани за нештата кои влијаат врз нив и нивната работа; да ја делат заедничката визија за организацијата, со што добиваат „поголема слика" и чувство за припадност на организацијата и се стекнуваат

со поголема мотивација. Од друга страна, комуницирањето со екстерната јавност не може оптимално да се одвива ако интерната јавност не е доволно добро информирана, вклучена во процесите на работење и мотивирана за успешно извршување на својата работа. Во насока на појаснување на поврзаноста меѓу интерната и екстерната комуникација е и посочувањето дека вработените комуницираат меѓу себе не само во организацијата, туку за неа разговараат и со членовите на семејството, своите пријатели и познаници, и на тој начин свесно или несвесно стануваат нејзини гласноговорници и носители на нејзиниот идентитет. Токму затоа, сè попопуларен станува концептот „тотална комуникација" или „интегрирана комуникација", а во таа насока и практиката одделенијата за односи со јавноста да стануваат одговорни за двете - и за интерната и за екстерната комуникација. *Трудот е со стручно-апликативен карактер.*

**Dzamtoska-Zdravkovska S., 2011,** A model for communication management - Daily journalism, Conference proceedings, Volume I, Science days TU-Sofia, 2011, Technical University – Sofia, Faculty of Management, Scientific and Technical Union of Mechanical Engineering, National Scientific and Technical Society "Management and Engineering", IX International Scientific Conference Management and Engineering '11, June 19 – 22, 2011, Sozopol, Bulgaria, pp.176 - 182

Во трудот се обработува моделот на функционирање на дневното новинарство од аспект на навремено и точно информирање, што е од суштинско значење за професионално извршување на новинарската работа. Начинот на поставеност на комуникациските процеси во рамки на една редакција на дневен весник се земаат како совршен модел на комуницирање кој овозможува ефикасна поделба на работните задачи, воспириемање на идеите на вработените, нивно информирање и отстранување на опасностите од преклопување на работните задачи и нивно повторување што директно се одразува врз навременото продуцирање на вестите. Притоа, клучна улога има тимската работа во редакцијата, уредувачката политика, како и професионалното однесување на медиумските работници. *Трудот е со стручно-апликативен и научен придонес.*

* Во процедура на издавање е втората книга на кандидатката – „Интерната комуникација во министерствата во Република Македонија". Книгата се состои од три дела и 11 глави во кои се обработува внатрешната комуникација во министерствата во Република Македонија, со посебен осврт на нивото на нејзината поставеност и ефикасност и нејзиното регулирање со соодветни нормативни акти.

За монографијата има добиено позитивни рецензии од страна на проф. д-р Ѓорге Иванов и проф. д-р Борче Давитковски во кои се истакнува дека т*рудот е со особен научен придонес.*

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Кандидатката досега е учесник во изработката и реализацијата на поголем број стручно-апликативни проекти. Во периодот 2005-2010 година е учесник во изработката и имплементацијата на:

1. Проектот за модернизација на образованиeто, 2005/2006 год.;
2. Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија 2007-2010 и Оперативниот план за имплементација на Стратегијата, Секретаријат за европски прашања;
3. Проектот „Учиме за ЕУ" (Секретаријат за европски прашања и Министерство за образование и наука), координатор на проектот во периодот 2007-2010 година;
4. Националната стратегија на Република Македонија за Алијансата на цивилизации под покровителство на Обединети нации, 2008-2009 год.;
5. Проектот „Техничка поддршка и подигнување на свеста за примената на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер", Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Македонски институт за медиуми, поддржан од Амбасадата на Велика Британија и Владата на Република Македонија, април 2008 - април 2009 год.

6. Проектот на Владата на Република Македонија за набавка на опрема за лаборатории на државните универзитети, 2009 год.

***Во периодот 2002–2010 година, кандидатката учествува во следниве меѓународни програми, студиски престои, обуки и конференции:***

1. “English for Journalism” – обука организирана од страна на Амбасада на САД во Република Македонија.
2. Во 2002 година по покана на Делегација на Европска унија во Република Македонија, кандидатката е учесник во седумдневната посета на македонски новинари на институциите на Брисел. Во текот на посетата биле остварени низа средби со претставници на институциите на ЕУ, но и со претставници на Меѓународната асоцијација на новинари со седиште во Брисел.
3. Во периодот 2002 - 2004 година е активен член на “Tostmaster international” - Меѓународна програма за комуникација и лидерски вештини.
4. Во 2005 година е на стручен тримесечен семинар „Вештина за успешните односи со јавноста - Ефикасно комуницирање и афирмација на портпаролството во сферата на дипломатијата и надворешната политика”, организиран во соработка на Владата на РМ и Европскиот универзитет во Скопје.
5. „Европската унија во фаза на менување” во организација на Тренинг центарот за европска интеграција (ЕИТЦ) – ТЕМПУС проект, во организација на СЕП, 30.9 – 2.10.2005 г., Струга;
6. Меѓународен научен симпозиум: Македонскиот расказ **-** Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј» во Скопје, 12-13 мај 2005 г.
7. Четвртата конференција на европските министри за високо образование од земјите-членки на Болоњскиот процес, во Берген, Норвешка, 19/20 мај 2005 г. (член на делегација од Министерство за образование и наука);
8. Прва CEEPUS информативна конференција, 20 декември 2005 г., Скопје.
9. Конференција на тема „Управување со училиштата во услови на децентрализација“, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС и Проектот на УСАИД Македонија – Активности во средното образование (СЕА), 22 декември 2005 г., Скопје.
10. Конференција за децентрализација на образованието за земјите од Југоисточна Европа, Охрид, 26-28.4.2006 г.;
11. Министерска конференција посветена на Темпус програмата и развојот на високото образование, во Аман, Јордан, 8 - 9 април 2006 г. (член на делегација од Министерство за образование и наука);
12. Конференција за децентрализација на образованието за земјите од Југоисточна Европа, Охрид, 26-28.4.2006 г.;
13. Четиримесечен студиски престој на Институтот за масовна комуникација на Универзитет „Џавархалал Нехру“ во Делхи (стипендија од Владата на Индија) - «Diploma Course in Development Journalism» - Indian Institute of Mass Communication at the “Jawaharlal Nehru University”, New Delhi, India, јануари – мај 2007 година.
14. Обука за официјален обучувач за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Македонски институт за медиуми – декември 2007 год. Скопје;
15. Трибина: Македонскиот јазик и литературното творештво - во рамките на манифестацијата 2008 Година на македонскиот јазик - Друштво на писателите на Македонија, Скопје, 13 мај 2008 г.;
16. Обука за обучувачи за вештини за комуницирање и односи со јавноста за лицата одговорни за односи со јавноста во јавната администрација и во другите органи на државна управа, прва фаза 9-13 јуни, втора фаза 30 јуни – 4 јули 2009 година, во организација на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, поддржан од Британската амбасада во Скопје;

17. Тркалезна маса на тема „Пристапот на медиумите до информациите од јавен карактер", 7 мај 2009 г.
18. 2002: Светски економски форум, Њујорк, САД - учесник, како новинар-известувач, во делегација од Република Македонија.

***Во периодот 2008 – 2009 г. кандидатката е стручно ангажирана за одржување на следниве обуки:***

– „Комуникациски вештини и јавен говор", „Бизнис-едукативен центар", Скопје, 2008.
– Слободен пристап до информации од јавен карактер, во рамки на Проектот „Техничка поддршка и подигнување на свеста за примената на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер" (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Македонски институт за медиуми, поддржан од Амбасадата на Велика Британија и Владата на Република Македонија), одржува 10 обуки на службени лица за слободен пристап до информации од јавен карактер во Скопје и во регионални центри во Република Македонија, април 2008-април 2009 г.

***Преземени и преведени авторски текстови на кандидатката во странскиот печат:***

– SEE Security Monitor, The Centre for South East European Studies: Macedonia Kondovo rebels demand adoption of new Macedonian amnesty law, December 08, 2004;
– From BBC Monitoring International Reports - Asia Africa Intelligence Wire: Macedonia Kondovo rebels demand adoption of new Macedonian amnesty law, December 09, 2004;
– SEE Security Monitor, The Centre for South East European Studies: Macedonian daily wonders whether successful referendum scuppers Ohrid accord, September 14, 2004;
– From BBC Monitoring International Reports - Asia Africa Intelligence Wire, September 17, 2004.

***Кандидатката има дадено интервју за:***

– „Форум плус", број 91, 22.6.2007 – „Цивилизациски судири и допири";
– Македонско радио, 2007 г.

***Стручни награди и признанија***

– Во 2001 година од дневниот весник „Вечер" е прогласена и ја добива наградата **„Најдобар новинар на годината"**.
– „Сертификат за комуникациски вештини и лидерство" ("Competent Toastmaster Recognition for completion of the Toastmasters International Communication and Leadership Program"), 2004 година.
– Во 2006 година во анкета на дневниот весник „Време", спроведена меѓу триесетина новинари од повеќе медиумски куќи е истакната во групата на четирите најдобри и најтранспарентни портпароли на државните институции, со кои најлесно се одвивала комуникацијата („Време" бр. 812, 18.8.2006).
– Сертификат „Вештина за успешните односи со јавноста - Ефикасно комуницирање и афирмација на портпаролството во сферата на дипломатијата и надворешната политика", 2005 год.
– „Диплома за развојно новинарство" - "Diploma Course in Development Journalism" - Indian Institute of Mass Communication at the "Jawaharlal Nehru University", New Delhi, India, мај 2007 година;
– Од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија ѝ е доделена Диплома за обучувач за односи со јавноста и комуникации, декември 2009 год.

***Познавање на странски јазици и компјутери***

Од светските јазици, кандидатката д-р Сузана Џамтоска-Здравковска активно се служи со англиски јазик и има познавање од повеќе компјутерски програми.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање доцент, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатката д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни семинари и симпозиуми, како и ангажираноста во наставата, може да се заклучи дека кандидатката поседува квалитети за наставна и научноистражувачка работа.

Имајќи ги предвид досега изнесените мислења и оценки за целокупната научноистражувачка и педагошка активност на кандидатката, Рецензентската комисија оценува дека д-р Сузана Џамтоска-Здравковска ги исполнува сите услови и поседува квалитети да биде избран во звање доцент.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да ја избере **д-р Сузана Џамтоска-Здравковска во звање *доцент* за наставно-научната област *теорија на новинарство и системи на информирање* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јадранка Денкова, доцент, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 1 x 15 | 15 | | 15 |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 6 x 1,5 + 2 | 1,5 + 2 | | 11 |
| Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс | 6 x 3 + 2 | 3 + 2 | | 20 |
| Одржани консултации на постдипломски студии по одржан курс | 10 x 2 | 2 | | 20 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 4 x 0,2 + 2 | 0,2 + 2 | | 2,8 |
| Член на комисија за одбрана на магистерски труд | 3 x 1 | 1 | | 3 |
| Раководител на семинар | 3 x 2 | 2 | | 6 |
| Ментор за одбрана на магистерски труд | 2 x 3 | 3 | | 6 |
| | | | **Вкупно НО =** | **83,8** |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| Труд во научно списание (во земјава) – прифатен, рецензиран и излезен во списание | 1 x 3 | 3 | | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на научен собир (во странство) | 1 x 2 | | 2 | 2 |
| Одбранета докторска теза | 1 x 8 | 8 | | 8 |
| Одбранета магистерска работа | 1 x 4 | 4 | | 4 |
| Студиски престој во странство, јануари - мај 2007 | 1 x 8 | | 8 | 8 |
| Учесник во научен проект | 2 x 2 | 2 | | 4 |
| Учесник во научен проект | 1 x 3 | | 3 | 3 |
| Учество на научен собир со реферат, усно | 5 x 1,5 | 1,5 | | 7,5 |
| Секциско предавање на научен собир | 1 x 2 | 2 | | 2 |
| | | | **Вкупно НИ =** | **41,5** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | | |
| Труд во стручно списание (во земјава) | 2 x 2 | 2 | | 4 |
| Труд во стручно списание (во странство) | 1 x 6 | | 6 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Член на универзитетско или владино тело:<br>– Работен комитет за европска интеграција, при Владата на РМ;<br>– Поткомитет на Работниот комитет за европска интеграција, при Владата на РМ;<br>– Меѓуресорско владино тело за изработка на Националната стратегија на Република Македонија за остварување на целите на Алијансата на цивилизации под покровителство на Обединети нации;<br>– Владина делегација (Конферецнија во Берген, Норвешка, Јордан);<br>– Владина делегација (Конферецнија во Аман, Јордан). | 5 x 5 | 5 | | 25 |
| Член на институционален орган, комисија | 4 x 2 | 2 | | 8 |
| Член на наставно-научен совет | 1 x 2 | 2 | | 2 |
| Член на факултетски орган, комисија:<br>Организационен одбор, промотивна кампања | 2 x 2 | 2 | | 4 |
| Член на Универзитетски сенат при УТМС | 1 x 5 | 5 | | 5 |
| Учество на стручен собир | 2 x 0,5 | 0,5 | | 1 |
| Учесник во научен проект | 2 x 5 | 5 | | 10 |
| Научно-популарна статија | 2 x 2 | | 2 | 4 |
| Стручни награди и признанија (во странство):<br>– “Diploma Course in Development Journalism”<br>– “Competent Toastmaster Recognition for completion of the Toastmasters International Communication and Leadership Program”, 2004 | 2 x 8 | | 8 | 16 |
| Стручни награди и признанија (во земјава):<br>– Награда „Најдобар новинар на годината“, 2001 (дневен весник „Вечер”)<br>– Сертификат „Вештини за успешните односи со јавноста - Ефикасно комуницирање и афирмација на портпаролството во сферата на дипломатијата и надворешната политика”, 2005<br>– Истакната во групата на четирите најдобри и најтранспарентни портпароли на државните институции (анкета на дневниот весник „Време”, спроведена меѓу новинарите - бр. 812, 18.8.2006).<br>– Диплома за обучувач за односи со јавноста и комуникации - Секретаријат за европски прашања, 2009 | 4 x 4 | 4 | | 16 |
| Техничко унапредување | 1 x 2 | 2 | | 2 |
| | | | **Вкупно САОР =** | **103** |

**ВКУПНО: НО + НИ + САОР = 228,3**